**20252184252**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 57 ставови 7 и 8 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 16/25 и 156/25), министерот за култура и туризам, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ВИДОТ И ВИСИНАТА НА СУБВЕНЦИИТЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СТРАНСКИОТ ОРГАНИЗИРАН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација за странскиот организиран туристички промет.

### Член 2

(1) Со цел поттикнување на странскиот организиран туристички промет, побрз развој на туризмот и формирање на поконкурентни цени на туристичките аранжмани за странски туристи, вршителите на туристичка дејност и туроператорска дејност кои работат под услови и начин пропишани во Законот за туристичката дејност (во понатамошен текст: организатори) можат врз основа на поднесено и прифатено барање да остварат субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија на дел од трошоците за остварен организиран воздушен, патен и железнички туристички промет и комбинирани и кружни тури во тековната година (во натамошниот текст: субвенции).

(2) Под организатори од став (1) на овој член не се сметаат субјектите од член 6 од Законот за туристичката дејност.

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈА И ПРОГРАМА ЗА ВИДОВИ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

### Член 3

(1) Субвенција можат да остварат организаторите од член 2 став (1) од овој правилник на пакет аранжмани за странски туристи согласно издадена патничка програма од организатор која содржи податоци за патувањето и престојот на корисниците на услуги (во понатамошниот текст: Програма) која вклучува организиран воздушен, патен (автобуски) или железнички туристички промет или пак комбинирани и кружни тури со следните карактеристики:

1) Организиран групен превоз, со посебно закупени автобуси, авиони и возови или закупени најмалку десет места во наведените превозни средства, од местото на поаѓање на групата до местото на користење на услугата во сместувачкиот објект, при што возењето со автобус, авион или воз, за време на престојот во Република Северна Македонија не се вклучени, освен во случајот на организиран групен превоз со закупен авион каде што се вклучени, доколку Програмата содржи престој во Република Северна Македонија со најмалку остварени три ноќевања со појадок во сместувачки капацитети (во понатамошниот текст: категоризирани сместувачки капацитети).

2) Организиран групен превоз со целосно закупени авиони, во смисла на овој правилник преставува цел посебно закупен чартер со полетување и слетување од/во Република Северна Македонија и најмалку три ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: чартер). Доколку организаторот има цел закупен чартер или има писмена согласност од друг организатор кој го закупил целиот чартер и има странски туристи со остварени најмалку три ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети во Република Северна Македонија, може да поднесе барање за субвенција за Програма за одмор за странскиот воздушен туристички промет со чартер. Доколку организаторот поднесе барање за субвенција за Програмата за одмор за странскиот воздушен туристички промет со чартер, не може да добие субвенција по друг основ од овој правилник;

3) Организиран групен превоз на редовни авионски линии или редовен железнички и автобуски сообраќај со доаѓање и враќање на групата (најмалку десет лица во група), доколку Програмата содржи престој во Република Северна Македонија со најмалку остварени три ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети;

4) Комбинирана тура - организиран групен превоз во комбинација со две превозни средства како главни превозни средства (авион, автобус или воз), при што превозното средство за доаѓање на одредената дестинација се смета за главно и за него се поднесува барање доколку Програмата содржи престој во Република Северна Македонија со најмалку остварени две ноќевања со појадок во категоризирани сместувачки капацитети и

5) Кружни тури кои се организираат во земјите од регионот (најмалку десет лица во група) со организиран превоз при поаѓање и заминување на авион, автобус или воз доколку се остварат најмалку две ноќевања со појадок во Република Северна Македонија и најмалку едно ноќевање во земјите од регионот.

(2) Ако повеќе организатори на патувањето користат исто превозно средство целосно закупено, барање за субвенција може да поднесе организаторот кој е закупопримач, со тоа што ќе поднесе целосна документација од сите организатори.

(3) По исклучок од став (2) на овој член барање за субвенција може да поднесе посебно секој организатор на исто патување, но само доколку има прибавено писмена согласност од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, која е заверена со потпис и печат и ќе биде приложена кон барањето за субвенција, а ќе содржи целосни називи на организаторите и податоци за патувањето.

## БАРАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СУБВЕНЦИИ ЗА ОДДЕЛЕН ВИД НА ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

### Член 4

За добивање на субвенции барателот односно организаторот кој ги исполнува барањата од членовите 2 и 3 од овој правилник до Министерството за култура и туризам доставува:

1) За Програма за одмор во странски патен автобуски туристички промет:

а) Барање за субвенција за Програмата за одмор во странскиот патен автобуски туристички промет на Образец СУ -1 кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник;

б) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;
- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А) со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена;

в) Посебна документација:

- Копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датумот на извршениот превоз;

- Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман. За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Интербус листа од автобускиот превозник, со податоци за странските туристи, период и релација;

- Изјава од извршителот на автобуски превоз, дека сите обврски се подмирени, доколку се користат други подизведувачи на превозот;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник.

г) Копија од сообраќајната дозвола за превозното средство со кое е извршен превозот, заверена од страна на организаторот на пакет аранжманот и интербус листа за реализираниот превоз, доколку организаторот на пакет аранжманот е и автобуски превозник кој го реализира превозот.

2) За Програма за одмор во странскиот воздушен туристички промет:

а) Барање за субвенција за Програмата за одмор во странскиот воздушен туристички промет на Образец СУ-2 кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник;

б) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;

- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

-Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена;

в) Посебна документација:

- Копија од договор со чартер превозник за најмалку две или повеќе ротации за закуп на авион со спецификација (вкупен број на седишта во авионот, дата и место на поаѓање и слетување на авионот);

- За редовните авионски линии се доставува копија од договор со авионски превозник со податоци за број на договорени седишта, дата и место на полетување или групна резервација за најмалку две или повеќе ротации со спецификација (податоци за број на договорени седишта во авионот, датум и место на поаѓање и слетување на авионот);

- Копија од дневниот извештај за летовите на домашните аеродроми или потврда за извршено доаѓање кај чартер летовите (нередовна линија);

- Листа на летање за чартер летовите со обележани странски туристи, за кои се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од авионски билети или листа на летање за редовните линии;

- Фактура со податоци за периодот и релацијата на движење на групата од домашен превозник и доказ за нејзино плаќање, доколку програмата за аранжманот опфаќа патување низ различни места во Република Северна Македонија;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник.

3) За Програма за одмор во странски железнички туристички промет:

а) Барање за субвенција за Програмата за одмор во странскиот железнички туристички промет на Образец СУ-3 кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник;

б) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;

- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена;

в) Посебна документација:

- Копија од договорот со железница за закуп на вагон или фотокопија од сметката на железничкиот превоз со податоци за место за поаѓање и пристигнување на групата, бројот на седиштата во вагонот и датата на извршениот превоз;

- Листа со податоци за странските туристи, за кои се поднесува барањето;

- Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман или извод која ќе содржи: број на фактура/и или спецификација /листа заверена од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на превозникот;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник.

4) За комбинирани тури и кружни тури во регионот:

а) Барање за субвенција за комбинирани тури и кружни тури во регионот на Образец СУ-4 кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник;

б) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;

- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена;

в) Посебна документација:

- Потврда за групата за која се однесува барањето со податоци за патниците и периодот на престој, заверена од страна на странскиот партнер;

- Копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датумот на извршениот превоз;

- Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Интербус листа од автобускиот превозник, со податоци за странските туристи, период и релација;

- Изјава од извршителот на автобуски превоз, дека сите обврски се подмирени, доколку се користат други подизведувачи на превозот;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник.

г) Копија од сообраќајната дозвола за превозното средство со кое е извршен превозот, заверена од страна на организаторот на пакет аранжманот и интербус листа за реализираниот превоз, доколку организаторот на пакет аранжманот е и автобуски превозник кој го реализира превозот.

д) Документација за докажување на реализираниот превоз при доаѓање и заминување на групата, согласно посебната документација од член 4 ставови (1), (2) и (3) од овој правилник, доколку барањето се поднесува за комбинирана тура.

## НАЧИН НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Член 5

(1) Рокот за поднесување на барањето за добивање на субвенција кое се поднесува до Министерството за култура и туризам е 60 дена од денот на заминување на групата за сите видови барања.

(2) За барањето кое е доставено со непотполна документација, Министерството за култура и туризам до барателот преку редовна пошта (препорачано и со повратен рецепис) доставува известување за дополнување на барањето со определување на рок од 15 дена за постапување.

(3) Барањата кои се доставени по истекот на рокот од став (1) на овој член се одбиваат.

(4) По комплетирање на документацијата за поднесените барања за субвенции од сите видови се донесува решение со кое барањето целосно или делумно се уважува или се одбива од страна на министерот за култура и туризам во рокот утврден во член 57 став 4 од Законот за туристичката дејност.

## ОПФАТ И ПЕРИОД НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Член 6

Субвенцијата се применува за сите програми од член 3 од овој правилник и реализирани поаѓања за:

а) цел период на изведба на програмата и

б) за кружни тури во текот на целата година.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ПРОГРАМА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИ ПАТЕН (АВТОБУСКИ) ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

Член 7

(1) Субвенцијата може да се оствари само за однапред закупен автобус или закупени најмалку десет места во редовни линии за реализација на програмата од член 3 од овој правилник и тоа за:

а) Албанија, Бугарија, Србија, Косово, Грција, Црна Гора, Босна и Херцеговина изнесува 10 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по странски турист;

б) Турција, Романија, Унгарија, Словенија, Хрватска изнесува 15 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по странски турист и

в) Сите останати земји изнесува 20 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по странски турист.

(2) За доставното возење, празното возење од местото на поаѓање на групата и возењето за време на престојот во дестинацијата, не се добиваат субвенции.

(3) Субвенција не може да се добие за автобуски трансфери од аеродромите до сместувачките објекти.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ПРОГРАМА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИ ВОЗДУШЕН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

Член 8

(1) Субвенција за авионскиот превоз по остварен странски турист организаторот може да добие со закуп на авион во целост, дел од авионот или за најмалку десет странски туристи кои сообраќаат на редовна авионска линија на сите воздухопловни пристаништа во Република Северна Македонија. За закуп на авион во целост (чартер) се применуваат одредбите од член 9 од овој правилник.

(2) Висината на субвенцијата по пристигнат странски турист по пат на воздушен сообраќај со закупен дел од авионот или за најмалку десет странски туристи кои сообраќаат на редовна авионска линија, изнесува 25 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(3) По исклучок од став (2) од овој член, висината на субвенцијата по пристигнат странски турист од Словачка, Унгарија, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Бугарија, изнесува 35 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(4) По исклучок од став (2) на овој член, висината на субвенцијата по пристигнат странски турист од земјите од Бенелукс (Белгија, Холандија, Луксембург), Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија, Украина, Обединети Арапски Емирати, Кина, Индија, Германија, Велика Британија, Ирска, Казахстан, Азербејџан, Катар, Соединети Американски Држави, Јапонија, Израел, Австрија, Малезија, Јужна Кореја, Италија, Франција, Полска, Чешка и Шпанија, изнесува 65 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(5) По исклучок од став (2) на овој член, висината на субвенција по пристигнат странски турист од интерконтинентални дестинации (Јужна Америка, Австралија и далечен Исток) изнесува 45 Евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

Член 9

(1) За аранжманите по Програмите од член 3 од овој правилник, за чартер превоз субвенцијата изнесува 25 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по пристигнат странски турист за сите воздухопловни пристаништа во Република Северна Македонија.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, висината на субвенцијата по пристигнат странски турист од Словачка, Унгарија, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Бугарија, изнесува 35 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, висината на субвенцијата по пристигнат странски турист од земјите од Бенелукс (Белгија, Холандија, Луксембург), Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија, Украина, Обединети Арапски Емирати, Кина, Индија, Германија, Велика Британија, Ирска, Казахстан, Азербејџан, Катар, Соединети Американски Држави, Јапонија, Израел, Австрија, Малезија, Јужна Кореја, Италија, Франција, Полска, Чешка и Шпанија, изнесува 65 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(4) По исклучок од став (1) на овој член за чартер превозот може да се овозможи, превозот на првата група при доаѓање односно последната група при одење, организаторот да може да го организира со друго превозно средство, при што за таа група се добива субвенција во износ од 15 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по реализиран странски турист.

(5) Субвенција за чартер можат да добијат само организатори кои чартерот ќе го организираат на сопствен ризик. Ако чартерот го организира странска воздухопловна компанија на сопствен ризик, а организаторите на патувањата закупат дел од чартерот, субвенција може да добијат само доколку за закупените најмалку десет места има пакет аранжман со најмалку престој од три дена со услуга ноќевање со појадок, а нема да може да добие воздухопловната компанија.

(6) Ако повеќе организатори користат ист чартер авион, барање за субвенција поднесува организаторот закупопримач со целокупна документација од сите организатори.

(7) По исклучок од став (6) на овој член, барање за субвенција може да поднесе секој организатор посебно со писмена согласност на организаторот кој го закупил чартерот во целост, која е заверена со потпис и печат и ќе биде приложена кон барањето за субвенција, а ќе содржи целосни називи на организаторите и податоци за патувањето.

(8) Барање за субвенција се поднесува за секоја дестинација/аеродром и секој лет. Во случај на неможност за слетување на договорениот аеродром од технички или други оправдани причини, ќе се признае слетување на најблискиот аеродром со доказ за причините за промена на аеродромот. За последен празен лет не може да се добие субвенција.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ПРОГРАМА ЗА ОДМОР ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

### Член 10

(1) За железничкиот превоз висината на субвенцијата изнесува 15 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по донесен странски турист.

(2) Субвенција може да се добие за закупен цел воз, закупен вагон или најмалку закупени десет места на редовна линија на возот. Барањата за субвенции се поднесуваат за секое одредиште и секое возење.

(3) Субвенција може да се добие и за автобуските трансфери од железничката станица до сместувачкиот капацитет доколку сместувачкиот капацитет е во град во кој нема железничка станица.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА КОМБИНИРАНА ТУРА

### Член 11

(1) За комбинираните тури кои опфаќаат авионски превоз при доаѓање во дестинацијата, висината на субвенцијата изнесува 15 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по донесен странски турист.

(2) За комбинираните тури кои опфаќаат автобуски превоз при доаѓање во дестинацијата, висината на субвенцијата изнесува 10 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по донесен странски турист.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА КРУЖНИ ТУРИ ВО РЕГИОНОТ

### Член 12

(1) Организаторот може да добие субвенција за организирани групни (најмалку десет лица во група) кружни тури во регионот за странски туристи кои во Република Северна Македонија доаѓаат со автобус или авион, кои ќе остварат најмалку две ноќевања со појадок во Република Северна Македонија и најмалку едно ноќевање во регионот.

(2) Висината на субвенцијата од став (1) на овој член изнесува 15 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија по донесен странски турист.

## ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИТЕ

Член 13

Субвенцијата се пресметува во денари. Пресметаниот износ на субвенцијата по донесено решение согласно член 57 став 4 од Законот за туристичката дејност се уплаќа од страна на Министерството за култура и туризам на трансакциската сметка на подносителот на барањето во денари, а за странски подносители на барања по одбивањето на банкарските трошоци се уплаќа на сметка во странство во националната валута во земјата во која барателот има седиште.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 70/25).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 69 – 9294/1
22 октомври 2025 година
Скопје

Министер за култура и туризам,
**Зоран Љутков,** с.р.

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

**Образец СУ – 1**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ПАТЕН АВТОБУСКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр.____________

1. Име и седиште на агенцијата ______________________

__________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачки капацитет во кој организирано се упатуваат туристи

__________________________________________________

_________________________________________________________________

3. Место на поаѓање на групата ______________________
4. Датум:

   а) поаѓање на групата

   _________________________________________________________________

   б) враќање на групата

   _________________________________________________________________

5. Времетраењето на престојот на групата во туристичкото место ______________________
6. Име и седиште на превозникот

   _________________________________________________________________

7. Регистарски број на автобусот ______________________
8. Вкупен број на седишта во автобусот ______________________
9. Вкупен број на туристи во групата ______________________
10. Износ на бараната субвенција:

    Од која држава доаѓаат туристите ______________________ х ______________________ ден =
    ______________________ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

    _________________________________________________________________

    _________________________________________________________________

Прилог:

I) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;

- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена.

II) Посебна документација:

- Копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датумот на извршениот превоз;

- Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Интербус листа од автобускиот превозник, со податоци за странските туристи, период и релација;

- Изјава од извршителот на автобуски превоз, дека сите обврски се подмирени, доколку се користат други подизведувачи на превозот;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник.

- Копија од сообраќајната дозвола за превозното средство со кое е извршен превозот, заверена од страна на организаторот на пакет аранжманот и интербус листа за реализираниот превоз, доколку организаторот на пакет аранжманот е и автобуски превозник.

________________________ ________________________

МЕСТО И ДАТУМ НА
ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

ПРИЛОГ 2

**Образец СУ – 2**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ВОЗДУШЕН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр.____________

1. Име и седиште на агенцијата ______________________

   __________________________________________________

2. Име и седиште на категоризираниот сместувачки капацитет во кој организирано се упатуваат туристи

   __________________________________________________

   _________________________________________________________________

3. Место на полетување ______________________
4. Место на слетување ______________________
5. Број на летот и датум

   а) поаѓање на групата ______________________

   б) враќање на групата ______________________
6. Времетраењето на престојот на групата во туристичкото место

   _________________________________________________________________
7. Име и седиште на воздушниот превозник

   _________________________________________________________________
8. Вид на авионот и договорен број на седишта

   -чартер летови ______________________

   -редовни линии ______________________
9. Број на патници во групата ______________________
10. Износ на бараната субвенција ______________________

    а) број на остварени патници во воздушниот превоз со чартер линија

    ______________________ х ______________________ ден = ______________________ ден

    б) број на остварени патници при редовна линија

    ______________________ х ______________________ ден = ______________________ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

    _________________________________________________________________

Прилог:

I) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;

- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена.

II) Посебна документација:

- Копија од договор со чартер превозник за најмалку две или повеќе ротации за закуп на авион со спецификација (вкупен број на седишта во авионот, дата и место на поаѓање и слетување на авионот);

- За редовните авионски линии се доставува копија од договор со авионски превозник со податоци за број на договорени седишта, дата и место на полетување или групна резервација за најмалку две или повеќе ротации со спецификација (податоци за број на договорени седишта во авионот, дата и место на поаѓање и слетување на авионот);

- Копија од дневниот извештај за летовите на домашните аеродроми или потврда за извршено доаѓање кај чартер летовите (нередовна линија);

- Листа на летање за чартер летовите со обележани странски туристи, за кои се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од авионски билети или листа на летање за редовните линии;

- Фактура со податоци за периодот и релацијата на движење на групата од домашен превозник и доказ за нејзино плаќање, доколку програмата за аранжманот опфаќа патување низ различни места во Република Северна Македонија;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник

| | |
|---|---|
| ________________________ | ________________________ |
| МЕСТО И ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО | ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ |

ПРИЛОГ 3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

**Образец СУ – 3**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр.____________

1. Име и седиште на агенцијата ______________________

__________________________________________________

2. Име и седиште на категоризираниот сместувачки капацитет во кој организирано се упатуваат туристи

__________________________________________________

_________________________________________________________________

3. Место на поаѓање на групата ______________________
4. Датум и време на:
5. а) поаѓање на групата

   _________________________________________________________________

   б) враќање на групата

   _________________________________________________________________

6. Место на доаѓање на групата ______________________
7. Времетраењето на престојот на
   групата во туристичкото место ______________________
8. Вкупен број на туристи во групата ______________________
9. Износ на бараната субвенција за железнички превоз
   Остварен број на туристи ______________________ x ______________________ ден = ______________________ ден
9. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

   _________________________________________________________________

   _________________________________________________________________

Прилог:

I) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;
- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;
- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;
- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;
- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;
- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;
- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман), доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена.

II) Посебна документација:

- Копија од договорот со железница за закуп на вагон или фотокопија од сметката на железничкиот превоз со податоци за место за поаѓање и пристигнување на групата, бројот на седиштата во вагонот и датата на извршениот превоз;
- Листа со податоци за странските туристи, за кои се поднесува барањето;
- Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман или извод која ќе содржи: број на фактура/и или спецификација /листа заверена од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман); За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на превозникот;
- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој правилник.

| | |
|---|---|
| ____________________<br>МЕСТО И ДАТУМ НА<br>ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО | ____________________<br>ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ |

ПРИЛОГ 4

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

**Образец СУ – 4**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА КОМБИНИРАНИ ТУРИ И КРУЖНИ ТУРИ ВО РЕГИОНОТ**

Бр.______________

1. Име и седиште на агенцијата

____________________________________________________________

2. Вид на превозно средство кое се користи за доаѓање во Република Северна Македонија

____________________________________________________________

3. Место на почеток/завршување на кружната турата

    ________________________________________________________

4. Датум на почеток/ завршување на турата

    ________________________________________________________

5. Име и седиште на категоризираниот сместувачки капацитет во кои престојувале туристи во текот на кружното патување

    а) ______________________________________________________
    б) ______________________________________________________
    в) ______________________________________________________
    г) ______________________________________________________
    д) ______________________________________________________
    ѓ) ______________________________________________________

6. Вкупно траење на турата (број на ноќевања со појадок)

    ________________________________________________________

7. Име и седиште на автобускиот превозник (за кружни тури)

    ________________________________________________________

8. Име и седиште на автобускиот/авионскиот/железничкиот превозник при доаѓање/заминување на групата (за комбинирани тури)

    ________________________________________________________

9. Износ на бараната субвенција

    Број на остварени патници __________________________ х __________________________ ден = __________________________ ден

10. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

    ____________________________________________________________________________

Прилог:

I) Општа документација:

- Нотарски заверена изјава за веродостојност на податоците и приложената документација;

- Лиценца А или лиценца за вршење туристичка дејност издадена од надлежна институција во државата во која организаторот има регистрирано дејност доколку подносител на барањето е странски организатор;

- Копија на договор со туристичка агенција од Република Северна Македонија (со лиценца А), со рок на важност на договорот и определен начин и динамика на плаќање на договорените агенциски услуги;

- Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма со листа на странски туристи/спецификација на гости заверена со потпис и печат;

- Доказ за платена фактура од сите сместувачки капацитети во Република Северна Македонија (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Решение за оператор за храна од угостителскиот објект давател на услугата појадок (издадено од Агенција за храна и ветеринарство), копија од фактура со податоци за периодот, количината и видот на извршената угостителска услуга и доказ за платена фактура (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација: број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман) доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена,.

II) Посебна документација:

- Потврда за групата за која се однесува барањето со податоци за патниците и периодот на престој, заверена од страна на странскиот партнер;

- Копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датумот на извршениот превоз;

- Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман заверен од страна на банката или електронски вирман со реализиран статус и единствен број за идентификација, кој содржи број/броеви на фактура/и за кои е извршена уплата или спецификација од банка која ќе содржи број и датум на фактури и датум на плаќање доколку плаќањето се врши на повеќе фактури со еден вирман). За девизни плаќања се доставува SWIFT/SEPA девизна дознака и банкарско известување за пристигнат девизен прилив од страна на сместувачки капацитети;

- Интербус листа од автобускиот превозник, со податоци за странските туристи, период и релација;

- Изјава од извршителот на автобуски превоз, дека сите обврски се подмирени, доколку се користат други подизведувачи на превозот;

- Писмена согласност заверена со потпис и печат од организаторот кој го закупил целосно превозното средство, доколку таква писмена согласност е потребна согласно член 3 став (3) од овој Правилник.

- Копија од сообраќајната дозвола за превозното средство со кое е извршен превозот, заверена од страна на организаторот на пакет аранжманот и интербус листа за реализираниот превоз, доколку организаторот на пакет аранжманот е и автобуски превозник.

- Документација за докажување на реализираниот превоз при доаѓање и заминување на групата, согласно посебната документација од член 4 ставови (1), (2) и (3) од овој правилник, доколку барањето се поднесува за комбинирана тура.

________________________ ________________________

| | |
|---|---|
| МЕСТО И ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО | ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ |